**СДСМ**
**И КОАЛИЦИЈАТА**

5

# СТОЈАН НИКОЛОВ

за Росоман



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



„ПРЕД ВАС СТОЈАМ СО ВЕЌЕ ДОКАЖАНИ РЕЗУЛТАТИ,
НО СО НОВА ПРОГРАМА КОЈАШТО ВЕТУВА УШТЕ ПОГОЛЕМ
РАСТ И РАЗВОЈ НА НАШАТА ОПШТИНА“

**Почитувани сограѓани,**

Поминавме четири години заедно исполнети со многу проекти, многу работа и труд. Покажавме и докажавме како навистина се работи и се сака Општина Росоман. Покрај големата реализација на проекти, успеавме да направиме и општина за сите луѓе без разлика на партиска или каква било друга разлика. Но имаме уште многу за работа и реализација.

Повторно заедно сме исправени пред нов предизвик, а тоа се локалните избори во октомври.

Ве повикувам сите исто како во 2021 година да ми ја дадете вашата поддршка не за да владеам, туку за да ви служам. Да го завршиме она што го започнавме, да реализираме уште многу проекти, но и да се поправиме онаму каде што грешевме.

Денес изборот ви е лесен, пред вас стојам јас со веќе докажани резултати, но со нова програма којашто ветува уште поголем раст и развој на нашата општина.

Поминавме многу предизвици заедно. Верувам дека заеднички со вас, со вашата мудрост, ќе го поминеме и овој предизвик.

Со почит

**Стојан Николов**

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Росоман

Почитувани сограѓани,
Советничката листа ја составивме од чесни, вредни и одговорни луѓе, луѓе што ги познавате и целиот живот работат и творат на територијата на Општина Росоман. Ја бараме вашата поддршка за нашата листа за да продолжиме да ја развиваме и да ја градиме нашата општина. Нашата цел е развиена, економски силна и модерна Општина Росоман. Општина во која ќе има млади желни да останат тука, среќни земјоделци, развиени бизниси и безгрижни пензионери.
Во октомври вие одлучувате.

1. Јовица Стојановиќ, р. 1981, земјоделец, СДСМ;
2. Весна Јаневска, р. 1970, земјоделка, СДСМ;
3. Блаже Наков, р. 1987, земјоделец, СДСМ;
4. Наталија Мициќ, р. 1996, наставник, СДСМ;
5. Ристе Величковски, р. 2000, правник, СДСМ;
6. Емилија Костовска, р. 1988, вработена во приватен сектор, СДСМ;
7. Робертино Ѓорѓиев, р. 1992, електротехничар, СДСМ;
8. Емилија Јакимовска, р. 1993, претприемач, СДСМ;
9. Марко Миловановиќ, р. 2001, наставник, СДСМ;

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, заковените европски интеграции и сѐ поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Уредување на централното подрачје во Росоман на м.в. Плоча;
- Реконструкција на повеќе од 7 км локални улици и патишта на територијата на Општина Росоман (ул. Пере Тошев, ул. Гоце Делчев, ул. Никола Карев, ул. Стерјо Несторовски, ул. Илинденска, ул. Цандо Кузманов, ул. 11-ти Октомври, ул. Пролетерска, ул. Душан Ќириќ, главна улица во Трстеник, главна улица во Манастирец и главна улица во Сирково);
- Поплочување на јавни површини и улици на територијата на Општина Росоман;
- Уредување на централните подрачја во населените места Манастирец, Сирково и Паликура, вклучувајќи и поставување детски реквизити;
- Изградба на детска градинка;
- Изградба на атмосферска канализација;
- Изградба на паркови и детски игралишта;
- Целосна промена на уличното осветлување;
- Бесплатен оброк за учениците од 1 до 5 одделение во ООУ „Пере Тошев" – Росоман;
- Бесплатни униформи за сите ученици во ООУ „Пере Тошев" – Росоман;
- Стипендии за талентирани ученици и студенти;
- Решавање на меѓуопштинскиот превоз на релација Росоман – Кавадарци;
- Реконструкција на месна заедница во Росоман;
- Изградба на нов зелен пазар во Росоман:
- Дополнителни бунари за водоснабдување на Росоман.



# МОЈАТА ВИЗИЈА

- **Зошто (повторно) се кандидирате? Што е мотивот?**

Повторно се кандидирам бидејќи изминатиот период завршивме многу проекти, но ни останаа уште многу проекти за реализација во следниот мандат. Сметам дека еден четири годишен мандат не е доволен за завршување на капиталните проекти.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Без визија не може да се води и раководи со една општина, но тоа не е визија само за општината тоа е визија во какво општество сакаме ние да живееме и како со секое наше дејствие да го направиме нашето место подобро за живеење.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Мислам дека и покрај инфраструктурните проекти во наредниот мандат повеќе внимание и фокус треба да даде на граѓаните, односно на младите, на земјоделците, на бизнис секторот со мерки кој што директно ќе ги поттикнуваат и стимулираат.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се секогаш во фокус на нашата општина, тие се двигателот и моторот на сите промени кои што се случуваат во општината.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Сметам дека граѓаните се соочуваат со озбилни проблеми од безбедноста, како што се кражби, загрозување на безбедноста и сл. и мислам дека е најефикасен и наједноставен начин да се сменат работите е преку отворање на полициско одделение на територијата на општина Росоман.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Дефинитивно доброто планирање на просторот е еден од главните фактори за забрзан раст и развој, и во нареден период преку проекти кои се веќе завршени обезбедуваме изградба на нова населба, но и индустриска зона.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Не сме осудени сметам дека овој проблем се решава преку зголемување на ефективноста на јавните комунални претпријатија, користење на обновливи извори на енергија и зголемување на зелените површини.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали може да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Да, преку зголемување на општинските услуги и нивна достапност до граѓаните,

поголема вклученост во креирање на локалните политики ќе придонесат кон враќање на довербата на граѓаните.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**



Единствен начин за задржување на граѓаните, посебно на младите во државата е пред се департизација на сите институции, бидејќи партизацијата прави нефункционални институции а со тоа граѓаните не можат да си ги остварат основните права. Покрај тоа мораме да инвестираме во мерки со кои што ќе ги стимулираме младите да склучуваат бракови токму тука, да градат свои сопствени домови и да сакат да работат во нашата држава.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Мислам дека граѓаните треба да гласаат за нас, затоа што во изминатиот период од 4 години покажавме како навистина се гради и сака една општина, како се прави целосна департизација на институциите во општината и како граѓанинот беше фокус во сите наши политики. Разликата помеѓу нас и другите е тоа што ние денес зборуваме со дела позади нас и повторно со реални проекти и реална програма излегуваме пред нашите граѓани.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- Политики, активности и проекти за целна група - млади:

- Стипендии за талентирани ученици и студенти

- Формирање Младински локален совет и младински центар

- Ослободување од комуналии за изградба на објекти за домување на млади брачни парови до 29 години

- Одвојување средства од општинскиот буџет за грантови за стартапи за млади претприемачи

- Субвенционирање на млади за полагање за возачка Б-категорија

- Политики, активности и проекти за целна група - пензионери:

- Официјално отворање канцеларија за пензионери

- Формирање Совет за пензионери што ќе учествува во креирање на политиките на општината

- Бесплатен превоз за сите пензионери на релација Росоман – Кавадарци

- Еднократна парична помош за социјално загрозените пензионери

- Трипати годишно бесплатна екскурзија за пензионерите

- Отворање Центар за дневен престој на стари лица со активно стареење.





- Политики, активности и проекти за целна група - жени:

- Грантови за жени земјоделци и жени претприемачи

- Еднократна парична помош за социјално загрозени жени – самохрани мајки

- Кампања и бесплатни прегледи за превенција од рак на дојка и рак на матка

- Субвенционирање на нискоквалификуваните жени работници со цел стекнување поголеми квалификации и вклучување на пазарот на трудот.

- Политики, активности и проекти - образование:

- Бесплатен оброк за учениците во ООУ „Пере Тошев“ – Росоман

- Бесплатни униформи за сите ученици

- Бесплатен прибор за првачињата

- Субвенција за секое запишано прваче во ООУ „Пере Тошев“ – Росоман во износ од 3 000 денари

- Реконструкција на подрачното училиште во Трстеник

- Стипендии за талентирани ученици и студенти

- Промена на системот на греење во ЈОУДГ „Праскичка“

- Промена на системот на греење во подрачните училишта во Трстеник и Манастирец.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- Политики, активности и проекти – култура:

- Поддршка на културните манифестации на територија на Општина Росоман

- Изградба на кино и театар во Росоман

- Субвенционирање на невладини организации за организација на културни настани

- Организирање на културно лето и културна зима во Општина Росоман.

- Политики, активности и проекти – социјална заштита:

- Зголемување на еднократна парична помош за новороденче на 18 000 денари

- Еднократна парична помош за второродено дете во износ од 30 000 денари

- Зголемување на еднократната парична помош за социјално загрозените лица

- Еднократна парична помош за самохрани родители

- Финансирање на даватели на социјални услуги, воспоставување нови социјални услуги.

- Политики, активности и проекти – спорт:

- Финансирање на локални спортски клубови и здруженија

- Целосно финансирање на млади категории спортисти на територијата на Општина Росоман





- Реконструкција на тенискиот терен во Росоман и реконструкција на сите спортски терени во Општина Росоман
- Мерки со цел промовирање и стимулирање на ловот како спорт.

- Политики, активности и проекти – земјоделство:

- Продолжување со тампонирање на полски патишта
- Иницирање за формирање на земјоделски задруги
- Субвенционирање на обуки и семинари за едукација на земјоделците
- Можност за изградба на мини брана во Крушевица со цел наводнување на делот што не е под системот за наводнување
- Стимулирање на млади земјоделци и земјоделки
- Изградба и опремување на простор каде што земјоделците и трговците ќе можат да ги продаваат и да ги купуваат земјоделските производи.

- Политики, активности и проекти – животна средина:

- Набавка на ново возило за собирање комунален отпад
- Набавка на специјализирано возило за одржување на хигиената на улиците
- Воведување двосменско работно време на ЈПКД „Росоман" – Росоман
- Формирање одделение за одржување на зеленило и јавна чистота во рамките на ЈПКД „Росоман" – Росоман

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Изградба на дополнителен систем за водоснабдување во Росоман, Манастирец и Рибарци

Општината во изминатите 4 години изврши копање бунари, со што обезбеди дополнителна количина вода од 12 л во секунда. Целосно е завршен и проектот за дополнително водоснабдување токму од тие бунари, за кој се обезбедени и средства од Министерство за животна средина и просторно планирање. Останува уште имплементација, односно негова реализација..

**Влијание на проектот:**
Со реализација на овој проект целосно ќе се задоволат потребите за водоснабдување на Росоман, Манастирец и Рибарци, односно бенефиција ќе имаат сите граѓани на Општина Росоман.

**Целна група:**
Граѓани, Бизнис-сектор

**Рок на реализација**
31.12.2026 година

**Буџет**
800.000,00 евра





## Реконструкција и ревитализација на канали за одводнување на подземни води и атмосферска канализација

Завршување на веќе започнатиот проект и реализирање на крак 2. Проектот има цел одводнување на централното подрачје на Росоман и претворање во урбана средина што ќе се овозможи со реализација на капиталниот проект за изградба на улици во Општина Росоман.

**Влијание на проектот:**
Одводнување на м.в. Бавчи и пренамена на површините коишто досега се користеа исклучиво за земјоделски цели во градежни парцели со кои ќе се овозможи подобрување на урбаниот лик на централното подрачје на Росоман, ќе се зголеми и ќе се подобри заштитата на животната средина и ќе се подобри здравјето на граѓаните.

**Целна група:**
Жители на Општина Росоман, со акцент на граѓаните што живеат во централното подрачје.

**Рок на реализација**
2027 година

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Изградба на улици во м.в. Бавчите во Росоман, Опі Росоман (атмосферска канализација, водовод и ка електрика и градежен дел)

Со овој основен проект е опфатена изградба на линиски инфраструктурни објекти - улици во Росоман. Со овој основен проект се планира изградба на улица 40, улица 41, улица 42 и улица 43 во Росоман, согласно со урбанистичкиот план за село Росоман, Општина Росоман.

Со овој проект е предвидена изградба:

-Фаза: Градежно нискоградба

-Фаза: Хидроинсталации

-Фаза: Електротехника

**Влијание на проектот:**
Подобрување на квалитетот на животот преку овозможување подобра патна инфраструктура на жителите во Општина Росоман, подобрен квалитет на живот и заштитена и унапредена животна средина во општината. Подобрување на локалниот економски развој и [ модерна инфраструктура. Со реалі проект имаме цел задоволување н локалното население и проширува урбанизиран дел во кој досега нем патна инфраструктура, ниту пак вс мрежа. Со реализација на проекто површините што се во градежен р ги користеше исклучиво за земјод во градежни парцели до кои ќе им пристап, и од овој неразвиен дел с да се создаде нова населба за мо

**Целна група:**
Жители на Општина Росоман, со а живеат во централното подрачје.

**Рок на реализација** 2027 година





## Индустриска зона со намена лесна и незагадувачка индустрија, врз основа на разработена урбанистичко-планска документација

Спроведување јавен оглас за продажба на градежно земјиште со намена лесна и незагадувачка индустрија, сопственост на РСМ, со што ќе се овозможи развој на општината, подобрување на урбаниот лик, отворање нови работни места и зголемување на економскиот развој на Општина Росоман.

**Влијание на проектот:**
Развој на бизнис-секторот, отворање нови работни места и намалување на иселувањето на младите.

**Целна група:**
Жители на Општина Росоман, Бизнис-сектор, Млади.

**Рок на реализација**
2026 година

# ПРОЕКТИ

## Населба со намена А1 – домување, врз основа на разработена урбанистичко-планска документација

Спроведување јавен оглас за продажба на градежно земјиште со намена А1 - домување, сопственост на РСМ, со што ќе се овозможи младите брачни парови да се стекнат со сопствено земјиште на кое ќе имаат можност за изградба на свој дом, со тоа што како дополнителна мерка би било ослободување од комуналии за издавање одобрение за градење, трошоци што ќе паднат на товар на буџетот на Општина Росоман. Со јавниот оглас ќе биде опфатена продажба на минимум 50 парцели за домување.

**Влијание на проектот:**
Задржување на младите во општината, подобрување на урбаниот лик на општината.

**Целна група:**
Млади брачни парови, лица со нерешен статус за домување и за жителите во сите населени места во Општина Росоман

**Рок на реализација**
2026 година

## Изградба на спортско-рекреативен центар (м.в. Вирови)

Во м.в. Вирови што се наоѓа во Росоман е предвидена изградба на спортско-рекреативен центар во кој ќе бидат планирани содржини за рекреација, спорт и едукација. Со проектот се предвидува поставување детски реквизити, пешачки патеки, велосипедски патеки, адреналински парк и урбана опрема. Организирање настани од риболовниот спорт, изградба на објекти што ќе им овозможат на граѓаните простор каде што ќе се одржуваат семинари, едукации и сл.

**Влијание на проектот:**
Развој на туризмот и спортот во Општина Росоман.

**Целна група:**
Сите граѓани на Општина Росоман, но и туристи од цела Македонија.

**Рок на реализација**
2028 година





# Проектирање на локален пат Росоман – клучка Крушевица

Изработка на основен проект за изградба на локален пат Росоман – клучка Крушевица и ревизија на основниот проект, како и изработка на урбанистичко-планска документација.

## Влијание на проектот:

Зголемување на безбедноста во сообраќајот, подобрување на сообраќајната инфраструктура.

## Целна група:

Жителите на Росоман и жителите на другите населени места.

## Рок на реализација

2026 година

# ПРОЕКТИ

## Изградба на улица од ресторан „Кај Жика“ до ул. „Цандо Кузманов“

Се предвидува изработка на проектна документација и изработка на урбанистичко -ланска документација за пробивање улица со почетокот од ресторан „Кај Жика“ до ул. „Цандо Кузманов“. Новопроектираната улица ќе се движи паралелно со железничката пруга во Росоман, со што ќе се овозможи подобрување на патната инфраструктура и изградба на современ пристап до сопствените парцели на жителите што живеат на овој потег.

**Влијание на проектот:**
Подобрување на сообраќајната инфраструктура, подобрување на урбаниот лик на општината.

**Целна група:**
Жители на Општина Росоман.

**Рок на реализација**
2029 година

## Изградба на локален пат село Рибарци – село Манастирец

Се предвидува изработка на проектна документација и изработка на урбанистичко-планска документација за изградба на локален пат с. Рибарци – с. Манастирец. Со овој проект се овозможува поврзување на двете населени места и подобрување на локалната патна инфраструктура што ќе овозможи побрзо и побезбедно движење на населението до своите земјоделски површини и своите имоти.

**Влијание на проектот:**
Подобра патна инфраструктура, Подобра поврзаност помеѓу населените места, Безбеден сообраќај.

**Целна група:**
Жителите на с. Рибарци и с. Манастирец, земјоделците.

**Рок на реализација**
2029 година





## Донесување на урбанистичко-планска документација за с. Сирково, с. Паликура и с. Манастирец

Се предвидува донесување на урбанистичко планска документација за с. Сирково, с. Паликура и с. Манастирец.

**Влијание на проектот:**
Зголемување на можноста за инвестирање, Зголемување на можноста за изградба на објекти за домување

**Целна група:**
Жителите на Сирково, Манастирец и Паликура

**Рок на реализација**
2029 година

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **МЗ Манастирец**

1. Реконструкција на главна улица и улица 1 во Манастирец
2. Изградба на главен канализациски крак
3. Реконструкција на подрачно основно училиште
4. Тампонирање на полски патишта
5. Зголемување на безбедноста на преминот кај железничката пруга

- **МЗ Трстеник**

1. Реконструкција на подрачно основно училиште
2. Реконструкција на училиштен спортски терен
3. Реконструкција на споредна улица од подрачното основно училиште до излез кај мост Трстеник
4. Асфалтирање на пат од с. Трстеник до манастир „Св. Петка“
5. Тампонирање полски патишта

- **МЗ Сирково**

1. Реконструкција на главна улица и улица 1 во Сирково
2. Реконструкција на објект Пензионерски дом
3. Реконструкција и пренамена на објект месна заедница во детска градинка
4. Изведба на нови каптажи на извори на Браници
5. Тампонирање полски патишта

- **МЗ Паликура**

1. Приклучување кон системот за водоснабдување на новите бунари за снабдување со вода во Паликура
2. Поплочување и поставување урбана опрема на просторот меѓу подрачното основно училиште и црквата „Св. Никола“
3. Асфалтирање на улица од бунарите за водоснабдување до влезот во Паликура

- **МЗ Рибарци**

1. Поплочување улици и јавни површини
2. Поплочување на улица до црквата „Св. Ѓорѓи“
3. Уредување на просторот околу селската чешма

1. Изградба на детски парк
2. Тампонирање полски патишта

- **МЗ Дебриште**

1. Изведба на нова каптажа на изворите за водоснабдување на Дебриште
2. Тампонирање полски патишта
3. Поплочување улици и јавни површини

- **МЗ Камен Дол**

1. Реконструкција на системот за водоснабдување и каптажа на изворите
2. Тампонирање полски патишта
3. Поплочување улици и јавни површини
4. Реконструкција на улиците во населеното место

- **МЗ Мрзен**

1. Поплочување улици и јавни површини
2. Асфалтирање на влезот во с. Мрзен
3. Изградба на ново улично осветлување
4. Изградба на дом за стари лица

- **МЗ Крушевица**

1. Поплочување улици и јавни површини
2. Тампонирање полски патишта

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА